Network

SEELS

Lawyers for Europe.



Pravni fakultet

PRAVOS

# „ПРАВНИ ПОЛОЖАЈ И ЗАШТИТА МЕЂУНАРОДНО РАСЕЉЕНИХ ЛИЦА, ИЗБЕГЛИЦА, ТРАЖИЛАЦА АЗИЛА И ПРАВНО НЕВИДЉИВИХ ЛИЦА”

## ВОДИЧ ДОБРЕ ПРАКСЕ

**SEELS Регионална научна конференција**

**Зборник радова**

**- издање на матерњим језицима -**

# ”PRAVNI POLOŽAJ I ZAŠTITA MEĐUNARODNO RASELJENIH LICA, IZBEGLICA, TRAŽILACA AZILA I PRAVNO NEVIDLJIVIH LICA”

## VODIČ DOBRE PRAKSE

**SEELS Regionalna naučna konferencija**

**Zbornik radova**

**- izdanje na maternjim jezicima -**

**Niš, 2022.**

**SEELS Регионална научна конференција**

**„ПРАВНИ ПОЛОЖАЈ И ЗАШТИТА МЕЂУНАРОДНО РАСЕЉЕНИХ ЛИЦА, ИЗБЕГЛИЦА, ТРАЖИЛАЦА АЗИЛА И ПРАВНО НЕВИДЉИВИХ ЛИЦА"**

**ВОДИЧ ДОБРЕ ПРАКСЕ**

Зборник радова


**Издавач**

Правни факултет Универзитета у Нишу

**За издавача**

Проф. др Небојша Раичевић, декан

**Уређивачки одбор**

Др Тони Дескоски, редовни професор Правног факултета „Јустинијан Први" Универзитета „Св. Кирил и Методиј" у Скопљу, Северна Македонија

Др Хелга Шпадина, редовна професорка Правног факултета, Свеучилишта Јосипа Јурја Штросмајера у Осијеку, Хрватска

Др Ценана Радончић, доцент Правног факултета Универзитета у Зеници, Босна и Херцеговина

Др Горан Обрадовић, редовни професор Правног факултета Универзитета у Нишу, Србија

**Чланови Steering Committee пројекта**

Др Тони Дескоски, редовни професор Правног факултета „Јустинијан Први" Универзитета „Св. Кирил и Методиј" у Скопљу, Северна Македонија

Др Хелга Шпадина, редовна професорка Правног факултета Свеучилиштва Јосипа Јурја Штросмајера у Осијеку, Хрватска

Др Сања Марјановић, ванредни професор Правног факултета Универзитета у Нишу, Србија Др Ценана Радончић, доцент Правног факултета Универзитета у Зеници, Босна и Херцеговина

**Рецензенти**

Др Зоран Радивојевић, редовни професор Правног факултета Универзитета у Нишу

Др Предраг Димитријевић, редовни професор Правног факултета Универзитета у Нишу

Др Ирена Пејић, редовни професор Правног факултета Универзитета у Нишу

Др Саша Кнежевић, редовни професор Правног факултета Универзитета у Нишу

Др Марко Јовановић, ванредни професор Правног факултета Универзитета у Београду

Др Милица Вучковић, доцент Правног факултета Универзитета у Нишу

**Лектура и коректура**

Милена Симоновић, дипл. филолог за књижевност и српски језик

**Технички уредник**

Владимир Благојевић

**Штампа:** Правни факултет Универзитета у Нишу

**Тираж:** 50

**ISBN:** 978-86-7148-284-4



Водич је резултат семинара и Регионалне научне конференције „Правни положај и заштита међународно расељених лица, избеглица, тражилаца азила и правно невидљивих лица".

**SEELS Regionalna naučna konferencija**
**,,PRAVNI POLOŽAJ I ZAŠTITA MEĐUNARODNO RASELJENIH LICA, IZBEGLICA, TRAŽILACA AZILA I PRAVNO NEVIDLJIVIH LICA''**
**VODIČ DOBRE PRAKSE**
**Zbornik radova**

**Izdavač**
Pravni fakultet Univerziteta u Nišu
**Za izdavača**
Prof. dr Nebojša Raičević, dekan
**Uređivački odbor**
Dr Toni Deskoski, redovni profesor Pravnog fakulteta „Iustinianus Primus"
Univerziteta „Sv. Kiril i Metodij" u Skoplju, Severna Makedonija
Dr Helga Špadina, redovna profesorka Pravnog fakulteta,
Sveučilišta Josipa Jurja Strossmayera u Osijeku, Hrvatska
Dr Dženana Radončić, docent Pravnog fakulteta Univerziteta u Zenici, Bosna i Hercegovina
Dr Goran Obradović, redovni profesor Pravnog fakulteta Univerziteta u Nišu, Srbija

**Članovi Steering Committee projekta**
Dr Toni Deskoski, redovni profesor Pravnog fakulteta „Iustinianus Primus"
Univerziteta „Sv. Kiril i Metodij" u Skoplju, Severna Makedonija
Dr Helga Špadina, redovna profesorka Pravnog fakulteta Sveučilištva Josipa Jurja Strossmayera u Osijeku, Hrvatska Dr Sanja Marjanović, vanredni profesor Pravnog fakulteta Univerziteta u Nišu, Srbija
Dr Dženana Radončić, docent Pravnog fakulteta Univerziteta u Zenici, Bosna i Hercegovina

**Recenzenti**
Dr Zoran Radivojević, redovni profesor Pravnog fakulteta Univerziteta u Nišu
Dr Predrag Dimitrijević, redovni profesor Pravnog fakulteta Univerziteta u Nišu
Dr Irena Pejić, redovni profesor Pravnog fakulteta Univerziteta u Nišu
Dr Saša Knežević, redovni profesor Pravnog fakulteta Univerziteta u Nišu
Dr Marko Jovanović, vanredni profesor Pravnog fakulteta Univerziteta u Beogradu
Dr Milica Vučković, docent Pravnog fakulteta Univerziteta u Nišu
**Lektura i korektura**
Milena Simonović, dipl. filolog za književnost i srpski jezik

**Tehnički urednik**
Vladimir Blagojević

**Štampa:** Pravni fakultet Univerziteta u Nišu

**Tiraž:** 50

**ISBN:** 978-86-7148-284-4

Vodič je rezultat seminara i Regionalne naučne konferencije "Pravni položaj i zaštita međunarodno raseljenih lica, izbeglica, tražilaca azila i pravno nevidljivih lica".

**САДРЖАЈ**

**Уводна реч**......................................................................14

## I МЕЂУНАРОДНОПРАВНИ ПОЛОЖАЈ И ЗАШТИТА ПРИНУДНИХ МИГРАНАТА

**Небојша Раичевић**
Дефиниција избеглице у међународном праву..........21

**Дуња Дуић**
Правни статус и заштита међународно расељених особа/миграната/тражитеља азила/избеглица и правно „невидљивих“, тј. особа без држављанства у ЕУ..........................................................................................37

**Енис Омеровић**
Међународноправна начела заштите нерегуларних миграната уз босанскохерцеговачке друштвене особености.........................................................................47

## II РАДНО ПРАВО И СОЦИЈАЛНО ОСИГУРАЊЕ

**ХРВАТСКА**

**Хелга Шпадина**
Национално извјеће...........................................................81

**СРБИЈА**

**Ивана Симоновић**
Национални извештај - Право на здравље и здравствена заштита миграната...................................95

**Марија Драгићевић**
Национални извештај - Радно право и социјално осигурање..........................................................................119

**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Александар Ристовски**
Национален извештај....................................................141

**Александар Ристовски**
Национални извештај....................................................149

**БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА**

**Ивана Грубешић**
Национални извјештај....................................................157

## III ЉУДСКА ПРАВА И АНТИДИСКРИМИНАЦИОНО ПРАВО

**ХРВАТСКА**

*Право на приступ правосуђу*

**Паула Порети**
Национално извјешће....................................................177

*Трговина људима и кријумчарење људи*

**Мирјана Кондор Лангер**
**Лана Ковачић Маркић**
Национално извјешће....................................................193

*Управно-правни и управно-судски аспекти међународне заштите тражитеља азила људима и кријумчарење људи*

**Ана Ђанић Чеко**
Национално извјешће....................................................217

**СРБИЈА**

*Право на приступ правосуђу*

**Невена Петрушић**
**Анђелија Тасић**
Национални извештај....................................................233

*Трговина људима и кријумчарење људи*

**Иван Илић**
Национални извештај....................................................253

*Управно-правни и управно-судски аспекти међународне заштите тражитеља азила људима и кријумчарење људи*

**Дејан Вучетић**
**Милош Прица**
Национални извештај....................................................271

**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

*Право на приступ правосуђу*

**Милка Ракочевић**
Национални извештај....................................................315

*Трговина људима и кријумчарење људи*

**Александра Груевска-Дракулевски**
Национален извештај....................................................331

**Александра Груевска Дракулевски**
Национални извештај....................................................343

*Управно-правни и управно-судски аспекти међународне заштите тражитеља азила људима и кријумчарење људи*

**Ивана Шумановска-Спасовска**
Национален извештај....................................................355

**Ивана Шумановска Спасовска**
Национални извештај....................................................375

**БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА**

*Право на приступ правосуђу*

**Ценана Радончић**
Национални извјештај..................................................395

*Трговина људима и кријумчарење људи*

**Незир Пивић**
Национални извјештај....................................................425

*Управно-правни и управно-судски аспекти међународне заштите тражитеља азила људима и кријумчарење људи*

**Сенада Затагић**
**Маша Алијевић**
Национални извјештај....................................................435

## IV МЕЂУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО

**ХРВАТСКА**

**Мирела Жупан**
**Мартина Дрвентић**
Национално извјешће....................................................453

**СРБИЈА**

**Сања Марјановић**
Национални извештај....................................................475

**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Тони Дескоски**
**Вангел Доковски**
Национални извештај....................................................501

**Тони Дескоски**
**Вангел Доковски**
Националeн извештај....................................................511

**БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА**

**Лариса Велић**
Национални извјештај....................................................521

## SADRŽAJ

**Uvodna reč**......................................................................14

## I MEĐUNARODNOPRAVNI POLOŽAJ I ZAŠTITA PRINUDNIH MIGRANATA

**Nebojša Raičević**
Definicija izbeglice u međunarodnom pravu..................... 21

**Dunja Duić**
Pravni status i zaštita međunarodno raseljenih osoba/migranata/tražitelja azila/izbeglica i pravno „nevidljivih“, tj. osoba bez državljanstva u EU.................. 37

**Enis Omerović**
Međunarodnopravna načela zaštite neregularnih migranata uz bosanskohercegovačke društvene osobenosti......................................................................... 47

## II RADNO PRAVO I SOCIJALNO OSIGURANJE

### HRVATSKA

**Helga Špadina**
Nacionalno izvješće.............................................................81

### SRBIJA

**Ivana Simonović**
Nacionalni izveštaj - Pravo na zdravlje i zdravstvena zaštita migranata.....................................................................95

**Marija Dragićević**
Nacionalni izveštaj - Radno pravo i socijalno osiguranje.........................................................................119

## SEVERNA MAKEDONIJA

**Александар Ристовски**
Национален извештај ........................................................ 141

**Aleksandar Ristovski**
Nacionalni izveštaj............................................................149

## BOSNA I HERCEGOVINA

**Ivana Grubešić**
Nacionalni izvještaj...........................................................157

# III LJUDSKA PRAVA I ANTIDISKRIMINACIONO PRAVO

## HRVATSKA

*Pravo na pristup pravosuđu*

**Paula Poretti**
Nacionalno izvješće...........................................................177

*Trgovina ljudima i krijumčarenje ljudi*

**Mirjana Kondor Langer**
**Lana Kovačić Markić**
Nacionalno izvješće...........................................................193

*Upravno-pravni i upravno-sudski aspekti međunarodne zaštite tražitelja azila ljudima i krijumčarenje ljudi*

**Ana Đanić Čeko**
Nacionalno izvješće...........................................................217

## SRBIJA

*Pravo na pristup pravosuđu*

**Nevena Petrušić**
**Anđelija Tasić**
Nacionalni izveštaj............................................................233

*Trgovina ljudima i krijumčarenje ljudi*

**Ivan Ilić**
Nacionalni izveštaj............................................................253

*Upravno-pravni i upravno-sudski aspekti međunarodne zaštite tražitelja azila ljudima i krijumčarenje ljudi*

**Dejan Vučetić**
**Miloš Prica**
Nacionalni izveštaj.....271

## *SEVERNA MAKEDONIJA*

*Pravo na pristup pravosuđu*

**Milka Rakočević**
Nacionalni izveštaj.....315

*Trgovina ljudima i krijumčarenje ljudi*

**Александра Груевска-Дракулевски**
Национален извештај.....331

**Aleksandra Gruevska Drakulevski**
Nacionalni izveštaj.....343

*Upravno-pravni i upravno-sudski aspekti međunarodne zaštite tražitelja azila ljudima i krijumčarenje ljudi*

**Ивана Шумановска-Спасовска**
Национален извештај.....355

**Ivana Šumanovska Spasovska**
Nacionalni izveštaj.....375

## BOSNA I HERCEGOVINA

*Pravo na pristup pravosuđu*

**Dženana Radončić**
Nacionalni izvještaj.....395

*Trgovina ljudima i krijumčarenje ljudi*

**Nezir Pivić**
Nacionalni izvještaj.....425

*Upravno-pravni i upravno-sudski aspekti međunarodne zaštite tražitelja azila ljudima i krijumčarenje ljudi*

**Senada Zatagić**
**Maša Alijević**
Nacionalni izvještaj.....435

## IV MEĐUNARODNO PRIVATNO PRAVO

### HRVATSKA

**Mirela Župan**
**Martina Drventić**
Nacionalno izvješće..........453

### SRBIJA

**Sanja Marjanović**
Nacionalni izveštaj..........475

### SEVERNA MAKEDONIJA

**Тони Дескоски**
**Вангел Доковски**
Nacionalni izveštaj..........501

**Toni Deskoski**
**Vangel Dokovski**
Национален извештај..........511

### BOSNA I HERCEGOVINA

**Larisa Velić**
Nacionalni izvještaj..........521

# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# SEVERNA MAKEDONIJA

***Д-р Тони Дескоски***[1]
*Редовен професор на Универзитетот*
*„Св. Кирил и Методиј“ во Скопје*
*Правен Факултет „Јустинијан Први“ во Скопје*
*Северна Македонија*

***Д-р Вангел Доковски***[2]
*Вонреден професор на Универзитетот*
*„Св. Кирил и Методиј“ во Скопје*
*Правен Факултет „Јустинијан Први“ во Скопје*
*Северна Македонија*

*UDK: 342.7:341.24*
*341.43(497.17)*

*Оригинален научен труд*

# ***НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ***

Во овој извештај се дава преглед на законските решенија кои се прифатени во Законот за меѓународно приватно право од 2020. година[3], Законот за меѓународна и привремена заштита од 2018. година[4] и Законот за легализација на јавните исправи во меѓународниот сообраќај од 2012. година[5], а кои се однесуваат на темата на проектот. Заради отсуство на достапна практика од страна на надлежните органи на Северна Македонија, националниот извештај е изработен врз основа на анализа на законските решенија. Северна Македонија, како држава на транзит, не е во фокусот на меѓународно раселените лица, бегалците, барателите на азил и другите невидливи лица без документи.

---

[1] t.deskoski@pf.ukim.edu.mk

[2] v.dokovski@pf.ukim.edu.mk

[3] Закон за меѓународно приватно право, објавен во *Службен весник на Република Северна Македонија*, бр. 32, 2020.

[4] Закон за меѓународна и привремена заштита, објавен во *Службен весник на Република Македонија*, бр. 64.

[5] Закон за легализација на јавните исправи во меѓународниот сообраќај, објавен во *Службен весник на Република Македонија*, бр. 74, 2012.

## I Правна рамка

### 1. Закон за меѓународна и привремена заштита

#### *1.1. Вовед*

Во Северна Македонија, давањето заштита (азил) на странците кои се прогонети од својата држава, се врши во согласност со ратификуваните меѓународни договори, но и со внатрешните извори.

Уставот на Република Северна Македонија (чл. 29, ст. 2) пропишува дека:

*„Републиката им гарантира право на азил на странците и на лицата без државјанство, прогонети заради демократско политичко уверување и дејствување."*

Наведената проблематика од интерес на националниот извештај најпрво се обработува во Законот за меѓународна и привремена заштита. Овој закон најпрво врши поимно определување на термините кои ги користи. За овој национален извештај посебно релевантни се следниве поими:

„Членови на семејство" се брачен другар, доколку бракот бил склучен пред доаѓањето во Република Македонија, вонбрачен другар, малолетни деца кои не се во брак, родители на малолетни лица доколку малолетните деца се стекнале со право на азил или друго полнолетно лице согласно со закон.[6]

„Малолетно лице" е странец кој не наполнил 18 години.[7]

„Малолетно лице без придружба" е странец кој не навршил 18 години, а пристига на територијата на Република Македонија без придружба на родител или старател, останал без таква придружба откога влегол на територијата на Република Македонија, или за кое не постои ефективна грижа.[8]

„Земја на потекло" е земја чие државјанство го има странецот или за лица без државјанство, земја на вообичаен претходен престој.[9]

[6] Види член 2 ст. 1 т. 9 од Закон за меѓународна и привремена заштита.

[7] Види член 2 ст. 1 т. 10 од Закон за меѓународна и привремена заштита.

[8] Види член 2 ст. 1 т. 11 од Закон за меѓународна и привремена заштита.

[9] Види член 2 ст. 1 т. 12 од Закон за меѓународна и привремена заштита.

### *1.2. Правна положба уредена со Закон за меѓународна и привремена заштита од интерес на меѓународното приватно право*

Условите и постапката за добивање и за престанување на правото на азил на странец или на лице без државјанство, како и правата и должностите на барателите и на лицата на кои им е признато право на азил во Република Македонија, е регулирано со Законот за меѓународна и привремена заштита.[10] Станува збор за закон кој го замени Законот за азил и привремен заштита. Новиот Закон за меѓународна и привремена заштита е изработен врз основа на прифатените меѓународни стандарди и е во насока на подобрување на правната положба на бегалците. Истиот е сеопфатен и регулира најразлични аспекти, па дури и правото на семејно обединување, кое е доста значајно за меѓународното приватно право.

Законот разликува три категории лица кои можат да бараат заштита во Република Македонија: (а) признат бегалец; (б) лице под супсидијарна заштита[11] и (в) лице под привремена заштита.[12]

Статус на **признат бегалец** се дава врз основа на Конвенцијата за правната положба на бегалците од 1951. година и Протоколот за правната положба на бегалците од 1967. година. Потоа, **лице под супсидијарна заштита** е странец кој не се квалификува како лице со статус на бегалец, а на кој Република Македонија ќе му признае право на азил и ќе дозволи да остане во рамките на нејзината територија, бидејќи постојат причини да се верува, дека доколку се врати во државата чиј државјанин е, или доколку е лице без државјанство, во својата држава на претходен вообичаен престој, ќе се соочи со реален ризик од претрпување на сериозни повреди. Како сериозни повреди се сметаат: смртна казна или егзекуција, тортура или нечовечно или деградирачко постапување или казнување сериозни и индивидуални закани по животот или личноста на цивилно лице, по пат на недискриминаторско насилство, во ситуација на меѓународен или внатрешен вооружен конфликт.[13]„-**Привремена заштита**“ е заштита доделена во посебна постапка во случај на масовен прилив или непосредна опасност од масовен прилив

[10] Објавен во *Службен весник на Република Македонија*, бр. 64, 2018.

[11] Категоријата „лице под супсидијарна заштита“ е воведена со измените на Законот за азил од 2007. година. Претходно, Законот предвидуваше уште една категорија – „лице под хуманитарна заштита“, но оваа категорија беше укината со законските измени во 2008. година.

[12] Согласно членот 2 од Законот за меѓународна и привремена заштита.

[13] Член 9 од Законот за меѓународна и привремена заштита.

на раселени лица од трети земји, кои не можат да се вратат во нивната земја на потекло, особено ако постои ризик постапката за признавање право на азил да не може да се спроведе поради масовниот прилив, а во интерес на раселените лица и други лица кои бараат меѓународна заштита.[14]

*1.2.1. Личен статус*

Законот за меѓународна за привремена заштита предвидува повеќе стандарди во поглед на правната положба на признатите бегалци. Прашањето за **личниот статус** (правната и деловната способност) на признатиот бегалец е прашање кое не е е регулирано во Законот за меѓународна и привремена заштита. Иако насловот на членот 67 е личен статус и право на престој, во членот е содржан само еден став според кој лицата со статус на бегалец имаат право на престој на територијата на Република Македонија (чл. 67). Од необјасниви причини, законодавецот пропушти да го регулира личниот статус, за разлика од претходниот закон, каде јасно беше предвидено примена на правото на Македонија за регулирање на личниот статус. Со овој пропуст, законодавецот, ненамерно има создадено ситуација во која судот (и органот на примена) ќе треба да го применуваат ЗМПП за да ја одредат правната и деловната способност на признаените бегалци.

*1.2.2. Семејно обединување*

Од посебно значење за правната положба на признаените бегалци (и на лицата под супсидијарна заштита) е правото на семејно обединување. На членовите на потесното семејство на лице со статус на бегалец и лице под супсидијарна заштита, на нивно барање, ќе се спроведе постапка за признавање право на азил. За членови на потесното семејство, се сметаат брачниот другар, доколку бракот бил склучен пред доаѓањето во Република Северна Македонија, вонбрачен другар, малолетните деца кои не се во брак, родителите на малолетните деца доколку малолетните деца се стекнале со право на азил и други лица согласно со закон. Правото на семејно обединување со членовите на потесното семејство, лицето со статус на бегалец го стекнува по добивање на статусот на бегалец, а лицето под супсидијарна заштита го стекнува по две години од добивањето на статусот на лице под супсидијарна заштита.[15]

[14] Член 2 став 1 точка 3 од Законот за меѓународна и привремена заштита.

[15] Види член 16 од Законот за меѓународна и привремена заштита.

*1.2.3. Заклучок*

Од анализата на цитираните законски решенија, може да се заклучи дека внатрешното законодавство на Република Северна Македонија, во поглед на правната положба на бегалците, во целост кореспондира со обврските преземени со пристапувањето кон Конвенцијата за правната положба на бегалците од 1951. година и кон Протоколот за правната положба на бегалците од 1967. година. Уште повеќе, во поглед на определени права, надминати се минималните стандарди пропишани во меѓународното право. Лицето под супсидијарна заштита од денот на доставувањето на решението за признавање на статус на лице под супсидијарна заштита се изедначува со државјаните на Република Северна Македонија по однос на остварување на правата од социјална заштита, утврдено со Законот за социјална заштита, а правото на здравствена заштита го под истите услови како и државјаните на Република Македонија, се до стекнување на својство на осигурено лице, согласно со Законот за здравствено осигурување. Лицата под супсидијарна заштита имаат исти права и должности со странците со дозволен привремен престој на територијата на Република Северна Македонија.[16] Како посебна категорија на заштитени лица се јавуваат лицата на кои им е признаено правото на привремена заштита. Така, во случај на масовен прилив на лица кои непосредно доаѓаат од држава во која нивните животи, безбедност или слобода се загрозени со војна, граѓанска војна, окупација, внатрешен конфликт пропратен со насилство или масовно кршење на човековите права, Владата може да им даде привремена заштита. Привремената заштита во Република Северна Македонија трае една година. Вкупното траење на привремената заштита не е подолго од три години.[17]

## 2. Закон за меѓународно приватно право

Со цел едно лице да може да го добие соодветниот статус, честопати се јавува потребата да се определи неговиот личен статус (да се определи правната и деловната способност), да се определи семејниот статус кој го има стекнато во странство како и да се даде соодветна заштита, но и да се примени странско право како меродавно право во определени односи непосредно поврзани со статусот на лицето. За категориите на лица кои се предмет на интерес на овој извештај, во примена се општите колизиони норми содржани во Законот за меѓународно при-

[16] Види членови 76 и 77 од Законот за меѓународна и привремена заштита.

[17] Види член 82 од Законот за меѓународна и привремена заштита.

ватно право. Од тие причини, во продолжение ќе биде даден преглед на релевантните одредби од Законот за меѓународно приватно право.

### *2.1. Определување на правна и деловна способност*

Веќе напоменавме дека во Законот за меѓународна и привремена заштита отсуствува дефинирање на личниот статус на лицата кои се опфатени со наведениот закон. На тој начин, пропустот кој го има направено законодавецот, се надминува со повикување на колизионите норми содржани во Законот за меѓународно приватно право. Според Законот за меѓународно приватно право, за правната способност на физичко лице, меродавно е правото на државата чијшто државјанин е тоа лице.[18] Во однос на деловната способност, повторно, меродавното право се определува според правото на државата чијшто државјанин е тоа лице.[19]

Проблематичната ситуација која може да настане е што доколку лицето чиј личен статус се регулира во Северна Македонија нема документи преку кои може да се утврди неговото државјанство, доколку лицето нема државјанство или едноставно, кога на лицето државјанството не може да се одреди.

За овие ситуации, но и за сите ситуации во кои точката на врзувањето е државјанството, кое како што наведовме лицето го нема, или не може да се утврди, меродавното право се определува преку супсидиерни точки на врзувањето во согласност со членот 5 од Законот за меѓународно приватно право. Па така, ако лицето нема државјанство или неговото државјанство не може да се утврди, меродавното право се определува според неговото вообичаено престојувалиште. Ако лицето има статус на бегалец, меродавното право се определува според неговото. Но, доколку лицата немаат вообичаено престојувалиште или тоа не може да се утврди, меродавното право се определува според нивното престојувалиште.

Поимот на вообичаено престојувалиште исто така е автономно определен во Законот за меѓународно приватно право. Под вообичаено престојувалиште на физичко лице се смета местото во кое лицето има воспоставено траен центар на животните активности, при што не е неопходно да биде исполнета каква било формалност поврзана со пријавување или добивање на дозвола за престој од надлежните

[18] Види член 15 од Законот за меѓународно приватно право.

[19] Види член 16 од Законот за меѓународно приватно право.

државни органи. При определувањето на тоа место посебно треба да се земат предвид околностите од личен или професионален карактер, кои произлегуваат од трајните врски на лицето со тоа место или од намерата да создаде такви врски.[20] Квалификацијата на вообичаеното престојувалиште и престојувалиште се врши според правото на Северна Македонија.

### *2.2. Ставање на лице под старателство и привремени заштитни мерки*

Со цел да се даде соодветна заштита на лицата кога истите треба да бидат ставени под старателство или е потребно да се преземат привремени заштитни мерки, Законот за меѓународно приватно право содржи посебна колизиона норма според која се одредува меродавното право. Така, според членот 18 од Законот за меѓународно приватно право, за ставање под старателство и за престанок на старателството, како и за односите меѓу старателот и лицето под старателство (штитеникот) меродавно е правото на државата чијшто државјанин е лицето под старателство. Во однос на привремените заштитни мерки, спрема странски државјани и спрема лице без државјанство кои се наоѓаат во Северна Македонија, тие се определуваат според правото на Република Северна Македонија и траат додека надлежната држава не донесе одлука и не преземе потребни мерки. Секако, доколку лицето нема државјанство или неговото државјанство не може да се утврди, точката на врзување – државјанството, се заменува со вообичаеното престојувалиште или со престојувалиштето, во согласност со членот 5 од Законот за меѓународно приватно право.

Во однос на надлежноста, Судот или органот на Република Северна Македонија ќе преземе неопходни привремени мерки заради заштита на личноста, правата и интересите на странски државјанин кој се наоѓа или има имот во Република Северна Македонија.[21]

### *2.3. Утврдување и примена на странското право*

Во Северна Македонија, странското право се третира како „**право**“ од што произлегува обврската на судот (и другите државни органи) *ex officio* да го применува странското право.[22] Оваа обврска означува дека

---

[20] Види член 6 од Законот за меѓународно приватно право.

[21] Види член 126 став 2 од Законот за меѓународно приватно право.

[22] Види член 9 став 1 од Законот за меѓународно приватно право.

судијата е должен по службена должност, во граѓанскоправен однос со странски елемент да ја примени домашната колизиона норма и да го одреди меродавното право, утврди содржината на странското материјално право.

На судот или друг државен орган, членот 9 став 2 од ЗМПП му остава можност содржината на меродавното странско право да ја утврди во согласност со меѓународните договори, а исто така можат да побараат и известување за содржината на меродавното странско право од органот на државната управа надлежен за работите на правдата.[23] Во меѓународно приватно право на Северна Македонија е предвидена можност и за активно учество на странките во процесот на утврдувањето на содржината на странското меродавно право. Па така, странките во постапката можат да поднесат и јавна исправа или мислење на стручњаци за содржината на странското право, кое не е обврзувачко за судот. Кога содржината на странското право не може да биде утврдена, се применува *lex fori*, односно правото на Република Северна Македонија. Непримената или погрешната примена на странското меродавно право, во нашето меѓународно приватно право, изречно е основ за поднесување на правен лек.[24]

### 3. Легализација на странските јавни исправи

За да може странска јавна исправа да биде употребена во Северна Македонија, потребно е истата да биде легализирана. Според Законот за парничната постапка од 2005. година, под јавна исправа се подразбира секоја исправа што во пропишана форма ја издал државен орган во границите на својата надлежност, како и исправите што во таква форма ги издала организација или друга институција во вршење на јавно овластување што е доверено со закон или со одлука на орган на општината заснован врз закон.[25]

Употребата на јавните исправи се регулира со Законот за легализација на исправите во меѓународниот промет. Исправите издадени во странство можат да се употребуваат во Република Северна Македонија само ако се заверени согласно со закон на соодветната држава. Исправите издадени во странство не подлежат на заверување, ако по основ на заемност исправите од Република Северна Македонија не подлежат на

[23] Види член 9 став 2 од Законот за меѓународно приватно право.

[24] Види член 10 став 2 од Законот за меѓународно приватно право.

[25] Види член 215 став 1 од Законот за парничната постапка.

заверување во соодветната држава. Во однос на оние исправи кои се издадени во странство, а кои подлежат на заверување, се употребуваат во Република Северна Македонија ако се заверени од Министерството за надворешни работи, односно дипломатско-конзуларното претставништво на Република Северна Македонија во странство.[26]Ако органот на кој е поднесена исправата издадена во странство се посомнева во нејзината веродостојност, ќе побара од Министерството за надворешни работи да провери да ли исправата ја издал органот што е наведен во неа.[27] Република Северна Македонија е членка на Хашката конвенција за укинување на потребата за легализација на странски јавни исправи од 1961. година, со што се применуваат конвенциските правила во ситуација кога истата е во примена.

## II Заклучок

За добивање на одредни права кои се директно поврзани со правната положба на лицата кои се предмет на анализа на овој национален извештај, честопати е потребно да се применат правилата на меѓународното приватно право. Основниот проблем кој настанува во овие ситуации е како да се определи меродавното право во ситуација кога лицето нема документи со кои може да ги докаже својот државјански статус (независно од која причина лицето ги нема документите). Во Северна Македонија во примена се општите колизиони правила содржани во Законот за меѓународно приватно право, а во ситуација кога меродавното право не може да се утврди преку државјанството како точка на врзување, во примена е правото на државата на вообичаеното престојувалиште, односно престојувалиштето.

Во Северна Македонија отсуствува било каква пракса во однос на примена на правила од меѓународно приватно право во врска со определување на статусот на лицата. Правото на семејно обединување не е искористени, ниту пак е применета одредба за да се признае статусот на лицето од странство за целите на правната положба на лицата. Ова од причина што Северна Македонија се класифицира како држава на транзит.

[26] Види член 4 од Законот за легализација на јавните исправи во меѓународниот промет.

[27] Види член 5 од Законот за легализација на јавните исправи во меѓународниот промет.